Финансирано од Европската Унија Кофинансирано од Европската Унија

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА МОБИЛНОСТ ВО РАМКИ НА ЕРАЗМУС+ ПРОЕКТОТ СО РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ 2025-1-MK01-KA121-SCH-000332738**

**ГРУПНА МОБИЛНОСТ НА УЧЕНИЦИ**

**Општи информации**

Овој извештај се однесува на реализираната мобилност во рамки на програмата Еразмус+, активност од типот *group mobility of school pupils*, која се одржа во периодот од 23.03.2026 до 27.03.2026 година. Мобилноста беше реализирана на островот Реунион, Франција, во училиштето *Middle School De Bois De Nèfles*, со учество на ученици од ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Северна Македонија во склоп на тековен eTwinning проект започнат во 2024 година.

**Цели на мобилноста**

Главните цели на мобилноста беа:

- Унапредување на јазичните и комуникациските компетенции
- Запознавање со нова култура, традиции и начин на живот
- Развивање интеркултурна свесност и европски вредности
- Поттикнување на самостојност и одговорност кај учениците
- Јакнење на социјалните вештини и тимската работа
- Размена на искуства и создавање меѓународни пријателства
- Развивање на еколошката свест
- Намалување на стрес кај ученици

**Опис на институцијата домаќин**

Училиштето домаќин *Middle School De Bois De Nèfles* претставува современа образовна институција која функционира во мултикултурна средина и применува современи педагошки пристапи.

Се карактеризира со:

- ученици со различна етничка припадност од различни културни средини
- примена на практично и искуствено учење
- интеграција на дигитални и интерактивни алатки во наставата
- поттикнување на соработка и активно учество на учениците

**Реализација на програмата**

Мобилноста беше реализирана согласно претходно утврдена програма која опфати наставни, културни, едукативни и социјални активности и учење во природа, со цел целосна интеграција на учениците во образовниот и културниот контекст на земјата домаќин.

**Ден 1 – 19.03.2026**

- Патување кон Реунион (преку Виена и Маурициус)
- Запознавање со процесот на меѓународно патување

Првиот ден беше посветен на организација на патувањето, при што учениците стекнаа искуство за самостојно снаоѓање во меѓународен транспорт.

**Ден 2 – 20.03.2026**

- Пристигнување и прием од страна на домаќините

Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија

- Запознавање со наставници и семејства
- Сместување

Учениците беа топло пречекани и успешно интегрирани во новата средина.

**Ден 3 – 21.03.2026**
- Активности со семејствата домаќини
- Посета на локални знаменитости

Овој ден беше насочен кон културна размена и градење меѓусебни односи помеѓу учесниците и семејствата домаќини. Денот беше забавен и  интересен со многу разговори и споделување на различни искуства. Дента шетавме низ островот и не однесоа на различни преубави плажи, но, на некој од нив беше забрането пливање поради опасност од ајкули. Вкусивме многу интересни јадења и различни овошја. Денот поминат со нив ни беше многу возбудлив со многу авантура.



**Ден 4 – 22.03.2026**
- Истражување на островот
- Запознавање со природни и географски карактеристики
- Посета на музеи

Утрото ни започна со различни прошетки низ вулканскиот остров. На Реунион вулканот Питон-де-ла-Фурнез (Piton de la Fournaise) беше активен и испушташе лава, иако не го видовме, тоа ни беше дополнително возбудливо од тој магичен остров. Семејствата и нашите другарчиња од Реунион беа многу љубезни и сакаа колку што можат да не однесат на различни места и да ни го покажат островот на најубав начин. Некој од нас отидоа пак на плажа, други го посетија музејот на вулканот, некои беа да набљудуваат морски желки. На овој начин учениците ги продлабочија знаењата од природните науки и географијата.

**Ден 5 – 23.03.2026**
- Посета на училиштето домаќин
- Презентации и интерактивни активности
- Социјални игри

Денот го започнавме рано наутро во 7 часот пред училиштето каде се дружевме и се запознавме со сите ученици. Атмосферата беше многу пријатна и интересно беше да се запознаеме со ученици од друго место. Потоа влеговме во училница каде што учениците од Реунион ни одржаа презентација за нивната држава. Презентацијата беше интересна и научивме повеќе за нивната култура, начин на живот и особеностите на островот. Следната активност беше учење во природа преку игровни активности. Овој дел беше многу забавен и ни помогна да создадеме поопуштена атмосфера. Подоцна се вративме во училиштето каде што

Funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Co-funded by the European Union
Кофинансирано од Европската Унија

ручавме, а потоа со гондола се симнавме до градот каде имавме можност да посетиме различни верски објекти и да научиме повеќе за различните религии во државата, што беше многу едукативно искуство. На крајот од денот, со гондола се вративме во училиштето, по што сите заминавме дома кај семејствата кај кои бевме сместени. Овој ден беше исполнет со нови искуства, дружење и учење.
Овој ден придонесе за подобро разбирање на образовниот и религиозниот систем на островот.






**Ден 6 – 24.03.2026**
- Тимски активности
- Активности на отворено



Во вторник, повторно пристигнавме во училиштето во 7 часот. До 8 часот се дружевме и разговаравме со останатите ученици, што ни помогна уште повеќе да се зближиме. Потоа со автобус сите заедно заминавме до Grande Anse Beach на југот од земјата. Таму бевме поделени во групи составени од македонски ученици и ученици од Реунион. Имавме scavenger hunt игра, каде што пронаоѓавме маркери во различни бои, во зависност од нивната тежина. Целта беше да се одговорат прашања во врска со флората и фауната на островот и да се соберат што повеќе поени, а тимот со најмногу поени победи. Активноста беше многу интересна и натпреварувачка, но во исто време и забавна.По играта ручавме во паркот и продолживме да се дружиме. На враќање во автобусот пуштавме македонски и француски песни, што беше многу интересно бидејќи сите учествувавме и пеевме заедно. Во училиштето се вративме околу 17 часот, по што сите заминавме дома кај семејствата. Овој ден беше исполнет со дружење, тимска работа и многу забава. Активностите поттикнаа тимска работа и комуникација.,



**Ден 7 – 25.03.2026**
- Едукативни активности на плажа
- Посета на аквариум

Funded by the European Union
Co-funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Кофинансирано од Европската Унија

Во училиштето пристигнавме во 7 часот наутро од каде со автобус тргнавме кон западниот дел од островот каде имавме активности во вода и учевме за коралниот свет и еколошката одржливост на водниот свет.
По ручекот се упативме кон аквариумот каде ни беа поделени работни листови за коралниот и водниот свет. Секоја група требаше да ги пополни работните листови врз основа на она што го научивме на плажата, но и со податоци коки ги дознавме во аквариумот. На крајот решававме квиз за животните и растенијата кои живеат во аквариумот со цел да видиме колку сме научиле и запомниле од она што го видовме во текот на денот.
На денот му се ближеше крај па последно нешто што направивме тој ден беше јадење на многу добар сладолед кој ни го заслади денот.
Преку овие активности се стекнавме со знаења од областа на биологија, екологија и одржливост.




**Ден 8 – 26.03.2026**
- Посета на плантажа за ванила
- Посета на природни локалитети

Денот започна во 7 часот во училиштето од каде тргнавме кон плантажа со ванила на источниот дел од островот. Плантажите со ванила на островот се мошне специфични и стеблата рачно се поленизираат. На почетокот од посетата ни беше пуштено видео за историјата на ванилата, а потоа видовме како растат и како се добива еден од најпознатите вкусови на сладолед, кафе, свеќи... во светот. На крајот на посетата ни беа поделени епрувети со различни типови на ванила кои имавме можност да ги помирисаме. Иако имаше некои типови на ванила што мирисаат чудно, како мувлосана ванила, другите мирисаа добро.

После презентацијата за ванила јадевме сладолед од ванила ама беше многу поразличен и повкусен од обичен ванила сладолед.

Од тука се упативме кон Niagara waterfall каде имавме пикник близу водопадите во мирна атмосфера. На крај на денот пешачевме до остатоци лава од 2007 година бидејќи патот до новата лава беше затворен. Овде учениците ни презентираа за вулкани и промените кои гио прават на островот.

Овие активности овозможија практично учење за биодиверзитетот, флора и геоморфологијата.

**Ден 9 – 27.03.2026**
- Следење на наставни часови
- Квизови
- Културна размена

Последниот ден од нашата мобилност го поминавме во училиштето. Присуствуваме на часови на кои имавме можност да видиме како учат учениците во училница и да направиме споредба со нашите часови. Потоа ги подготвувавме активностите за „Ѕидот на пријателството“, и продолживме со kahoot-квиз за тоа што научивме претходниот ден. Исто така, имавме активност во која пишувавме

Funded by the European Union
Co-funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Кофинансирано од Европската Унија

кој ни бил најубав и најлош момент оваа недела, неколку деца читаа, а останатите внимателно слушаа. Имавме и “Taste and smell” работилница која беше многу интересна. Потоа учевме како се игра нивниот народен танц наречен „Maloya“, а ние им го покажавме нашиот народен танц — орото.



Овој ден овозможи интеграција на културата и образованието.

**Ден 10 – 28.03.2026**
- Самостојни активности

Во саботата бевме без родители и наставници, што ни даде поголема слобода. Во 12 часот сите се сретнавме во центарот на градот, каде што заедно јадевме ручек. Потоа се шетавме низ центарот, пробувавме нови јадења и купувавме сувенири. Имаше многу интересни работи за гледање, па времето брзо ни помина. По неколку часа, сите се вративме дома. Полека се спакувавме и легнавме што е можно порано за да бидеме подготвени за следниот ден.

Учениците покажаа одговорност и самостојност.

**Ден 11 – 29.03.2026**
- Заминување

Рано наутро сите се упативме кон аеродромот во Реунион, се поздравивме со семействата со кои се зближивме премногу во текот на изминатата недела и со нетрпение чекаме да се видиме повторно во октомври.

**Ден 12 – 30.03.2026**
- Пристигнување во Скопје

Мобилноста беше успешно реализирана.

**Изготвиле:**
Милица Петрушева
Антина Стојческа
Ева Смилевска
Срна Дамевска
Ивана Пешевска
Бистра Поповска

**Прегледал:**
Симона Мирчевска – Ефтимовска

**Датум:** 02.04.2026